**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

Бр. 02-544/33
5.5.2026 година
Скопје

Врз основа на член 175, алинеја 10, членовите 180, 181 и 184, став (3) од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 425/2019) и глава Ѓ), точка 7 од Упатството за постапката за избор на ректор, Универзитетската изборна комисија на 8. седница одржана на 5.5.2026 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за утврдување на конечност на Одлуката за утврдување на избран кандидат за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Универзитетската изборна комисија констатира дека во законски определениот рок не се поднесени приговори и Одлуката за утврдување на избран кандидат за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во мандатниот период од 16 септември 2026 година до 15 септември 2029 година бр. 02-544/30 од 28.4.2026 година е конечна.

2. Согласно точка 1 од оваа Одлука, се констатира дека се исполнети условите и се потврдува изборот на **проф. д-р Биљана Ангелова,** редовен професор на Економскиот институт во Скопје, **за ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во мандатниот период од 16 септември 2026 година до 15 септември 2029 година**.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***Правна поука:*** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поведе управен спор со поднесување тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

Dimitar Gelev

Digitally signed by Dimitar Gelev
Date: 2026.05.05 10:47:42 +02'00'

**Универзитетска изборна комисија**
**Претседател**
**Проф. д-р Димитар Гелев**

Бул. Гоце Делчев бр. 9, 1000 Скопје, П.Ф.576
Република Северна Македонија
телефон +389 2 3293 293 факс +389 2 3293 202 ректор + 389 2 3293 200
www.ukim.edu.mk